Бр./Nr 12-4448/5
15-01-2024 г./v.
(2022)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 98-та седница одржана на 11.01.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-3735/1 од 30.10.2020 година, оформен по доставена пријава со наводи за незаконитости во постапката за јавна набавка на специјални комунални и други возила на ЈП /// – ///, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот – за предметниот случај веќе постапиле други надлежни органи.

Предметот со број 12-3735/1 од 30.10.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител на ден 30.10.2020 година поднесена е пријава со наводи за незаконитости во постапката за јавна набавка на специјални комунални и други возила на ЈП /// – /// и оформен е предмет број 12-3735/1 од 30.10.2020 година

Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за фаворизирање на конкретен производител на возила при спроведувањето на постапката по оглас број /// објавен од страна на ЈП /// – ///, за јавна набавка на 47 специјални комунални и други возила со проценета вредност на договорот од 224,500.000 денари. Како поткрепа за изразеното сомневање, подносителот на пријавата укажува на слабости во техничкиот речник на тендерската документација, како и на тоа дека во истата не биле содржани соодветни барања за исполнување на напредни еколошки стандарди применливи во земјите на Европската Унија.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барања за прибирање податоци и информации до Бирото за јавни набавки и до ЈП /// – ///.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени на барање на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:

По Оглас за јавна набавка бр./// на договорниот орган ЈП /// – /// била спроведена постапка за јавна набавка на стоки – Специјални комунални возила и останати возила (кипер, цистерни, метлачки), врз основа на претходно донесена Одлука за јавна набавка од 17.09.2020 година. Постапката била делива на 8 дела, а договорниот орган во тендерската документација и огласот предвидел дека како критериум за доделување на договор за

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

јавна набавка ќе го користи критериумот економски најповолна понуда врз основа на цената, со спроведување на електронска аукција.

По извршена проверка на валидноста и комплетноста на доставените понуди од страна на Комисијата за јавни набавки, била извршена е-аукција на која учествувале понудувачите кои поднеле прифатливи понуди. Врз основа на Извештај за текот на е-аукцијата и Извештај од спроведена постапка од 16.11.2020 година, Комисијата за јавни набавки дала предлог за избор како најповолна понуда за Дел 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 8 да биде избрана понудата на економскиот оператор /// – ///, а за Дел 7 да биде избрана понудата на економскиот оператор /// – ///. Предлог бил прифатен од страна на одговорното лице на договорниот орган, по што на 17.11.2020 година била донесена Одлука за избор на најповолна понуда.

Против Одлуката за избор на најповолна понуда од 17.11.2020 година била поднесена жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки, која на седница одржана на 29.12.2020 година донела Решение со кое жалбата била одбиена поради неоснованост.

На 17.11.2020 година од страна на Бирото за јавните набавки била извршена управна контрола согласно член 172 став 3 од Законот за јавните набавки. Во Записник од управна контрола од 23.11.2020 година било констатирано дека договорниот орган направил одредени пропусти кои влијаат врз исходот при спроведувањето на предметната постапка. Договорниот орган доставил дополнително образложение, но Бирото за јавни набавки на 27.11.2020 година донело Одлука за неприфаќање на дополнителното образложение. Во однос на Одлуката за неприфаќање на дополнително образложение на договорниот орган за управната контрола, Државната комисија донела Решение со кое Одлуката се поништува, а дополнителното образложение на договорниот орган од 24.11.2020 година за извршената управна контрола се прифаќа.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека јавната набавка на која се однесуваат наводите во пријавата била предмет на постапување и одлучување и пред други надлежни органи кои во своето постапување не утврдиле неправилности во смисла на фаворизирање на производители или неправилна имплементација на еколошки стандарди на кои е укажано во пријавата доставена до ДКСК.

Следствено, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што за предметниот случај веќе постапиле други надлежни органи, и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: А.Р.М.
Одобрил: К.Н., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик - претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**